**Никола Јонков Вапцаров**

# ИЗБРАНИ ПЕСНИ

## ЗЕМЈА

Таа земја,
сега што ја чекорам,
таа земја,
в пролет што ја буди југот,
таа земја – своја не ја знам
таа земја
простете: е туѓа!

Рано тргам.
По фабричен друм
безброј рубашки
се тискаат,
серојат.
Слеани сме со срце,
со ум,
но земјава ... чунки не е моја!

Над мојата земја
в пролет
сјај се плиска,
водопади грмат
од сонце
набликнато.
Ја сеќаваш в срце,
ти, неа за бликска
и гледаш кај скокум
безброј цвеќиња никнат.

Над мојата земја,

до небото
Пирин се крева.
Боровите в бура
илинденски приказни пеат.
Над Охрид модрината
во просторот се слева,
а подолу уште
на Егејот далги се леат.

Сал ќе си спомнам.
И крвта в миг ќе сјури
в срцето, кое
се топи в некаква нежност...
Мој роден крај! Крај личен...
Лулан в бури,
поен со крв
среде витлавици мрежни!

**ИЛИНДЕНСКА**

Вината не беше наша,
таа кај друг се крие,
и туѓи прсти тогаш
стотонска вина сторија!
Но, штом ќе дојде ден,
и штом ќе треба, ние
за сè ќе ѝ раскажеме
на мајката историја.

Започнаа со раце гнасни
На народот во душа да му џбараат,
но, гневот беше толку нараснат,
та, не се сфати волчката им нарав

и муцките на ѕверови во овчи кожи,
престапничко и плитко лицемерење.
Но идат дни а тогаш и ќе може

со грска кал по сурат да ги пернеме.

Се почна бунтот:
И не беше обичај
да изостанеме. –
Не се предадовме!
Туку,
со крвта
на народот обичен
Во Илинден наша
содржина кладовме!

Што ли ќе речете за таа новост?
Ќе барате ли тука руски рубли?
В Крушево уште феудалот гнетеше
И колкав скок? –
Изградија република!

А беа исто млади колку нас,
Сè такви, какви што сме ние.
Се бореа,
умираа без глас,
како што умре,
ќе умреме
и ние.

Многумина ги нема, но не липам јас, чу ли?
Ќе дојдат други, среде дим и жареж.
Глеј в овој тука. Знај: тој е Питу Гули,
а ти? Ти, секако си Карев...

И ако требаат пароли – в ред!
До месецот ќе кренеме плакати.
Слободна сакаме,
и без,
и без протекторати...

**ПРЕТСМРТНО**

Безмилосна е борбата, и волчка.
И велат дека криела епичности.
Јас паднав. Ќе ме смени друг и: точка!
Што тука значи некаква си личност?

Рафал и смрт ... а потоа си црв.
Тоа е толку логично и грубо.
Но, в луњата ќе сме пак со тебе
мој народе, бидејќи си се љубевме.

(препев: Гане Тодоровски)

## БИОГРАФСКА БЕЛЕШКА
## (хронологија)

(24.11.1909) Во Банско, по пазувите на Пирин Планина (Пиринска Македонија) роден е Никола Вапцаров, од мајка Елена и татко Јонко Вапцаров, учесник во националното движење за ослободување на Македонија од крајот на минатиот и почетокот на овој век. Мајка му била учителка. Уште во семејството се стекнува со чувството за убаво, добро и справедливо, со љубов за литературата и за својата татковина Македонија.
(1916- 1923) Се школува во своето родно место Банско. Во основното училиште покажува особен интерес како за литературата, така и за музика, театар и сликарство.
(1924-1925) Се запишува во гимназијата во градот Разлог. Активен член е во литературната секција на гимназијата и еден од најактивните ученици во работата на театарската група.
(15.06.1926) Во гимназискиот весник „Борба“ ја објавува својата прва песна „Кон светлите идеали“.
(1926) Во недостиг на материјални средства нема можност да го продолжи гимназиското школување и стапува во Поморското техбичко училиште во Варна.
(1926-1932) Ја посетува наставата во Поморското училиште. Почнува со објавување на одделни свои песни од раната фаза во малдинските весници и списанија.

(1929-1932) Од тригодишниот период на практична школска настава, кон крајот на 1929 е на практична работа во фабриката на авионски мотори. Целата 1930 ја поминува на бродот „Стефан Караџа“ на практична работа како машинист во градот Русе, а наредната 1931 на еден торпилер во Варна. Во пролетта на 1932 на трговскиот брод „Бургас“, како втор машинист, патува во Медитеранот. На бродот ги пишува патописните белешки „Импресии од бродот, Бургас“. Во јуни, 1932 ја добива дипломата за завршено Поморско машинско училиште.
(1932-1937) Се вработува како техничар во фабриката за хартија во село Кочериново кај Дупница. Зема активно учество во работничкото и синдикалното движење. Настапуваат тешки години на светската економска криза. Во 1934 стапува во брак со Бојка Димитрова.
(1935) Ја завршува драмата „Деветтиот бран“.
(1936-1937) Во почетокот на 1936 му се раѓа синот Јонко. Отпуштен е од работа и заминува во Софија каде се бори за гола егзистенција. Во јули, истата година, му умира синот. Настапуваат тешки денови за него и неговото семејство. Целата 1937 ја поминува работејќи во ноќна, дванаесетчасовна смена во млин, па на железница како ложач на локомотива. Истовремено пишува и објавува стихови.
(1938) Во Софија на негова иницијатива доаѓа до основањето на Македонскиот литературен кружок во чија работа учествуваат: Антон попов, Коле Неделковски, Венко Марковски, Димитар Митрев, Антон Жаров (Сматракалев), Ѓорѓи Абаџиев, Митко Зафировски и др. На една од седниците на МЛК го чита својот познат реферат во кој ја објаснува улогата на македонската литература во македонското ослободително дело, идеја што подоцна ја преточи во својата позната песна „Реферат“.
(1939) Активно работи во Македонскиот литературен кружок и ја завршува работата на подготвувањето на својата прва книга.
(1940) Во јануари излегува неговата прва и единствена книга песни под напредните книжевни кругови. Критиката ја прифаќа како зрело книжевно дело. На крајот на истата година е уапсен за својата револуционерна работа.
(1941) Условно е пуштен од затвор. Интензивно се занимава со книжевна и револуционерна работа. Особено е активен во публикациите „Литературен критик“ и „Технически глас“. Заради својата напредна дејност летото го поминува во интернација. По враќањето од интернација минува во илегалност.
(1942) Во март е уапсен. По несносните тортури во истражниот затвор во почетокот на јуни изведен е пред суд. Процесот трае до 20 јули. На

23 јули изречена му е смртна пресуда нему и на уште петмина обвинети, меѓу кои и на Антон Попов.
(23.08.1943) Во 21 часот и 10 минути, во тунелот на стрелбиштето на Школата за резервни офицери, Никола Јонков Вапцаров со своите другари е стрелан.